**Февруари, 19. 2008 год.**

# Соопштение за јавноста

**Предмет: Конференција „НАТО – Букурешт и Потоа“**

Во периодот од 17-ти до 19-ти февруари се оддржа Конференцијата **„НАТО – Букурешт и Потоа“** во организација на **Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД** и **Собранието на Република Македонија**. На конференцијата учествуваа претседателите и преставници на комисиите за надворешни работи и одбрана на земјите членки на НАТО, како и земјите од Јадранската група и земјите од ПЗМ од регионот.
Конференцијата ја отвори претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност во Македонија Г-дин Владимир Ѓорчев, на кое следеа поздравни обраќања на претседателот на Собранието на Република Македонија Г-дин Љубиша Ѓеорѓиевски, претседателот на Владата Г-дин Никола Груевски, Амбасадорот на Македонија во САД, а воедно и Почесен претседател на Институтот ОХРИД Н.Е. Г-дин Зоран Јолевски, Н.Е. Г-дин Алан Брајан Бергант, Амбасадор на Република Словенија во Македонија, контакт амбасада НАТО и Г-ѓа Флора Кадриу претседател на Комисијата за надворешна политика. На првата сесија од Конференцијата на тема „НАТО во глобалниот безбедносен амбиент (борбата против тероризмот)“ како модератор се престави основачот и претседателот на Проектот за транснационални демократии Г-дин Брус Џексон, а како истакнати говорници на оваа сесија беа Г-динот Антонио Милошоски, Г-дин Боб Симонс и Г-дин Јан Бжежински. На втората сесија „Улогата на НАТО во безбедноста во Југоисточна Европа и пошироко“, во улогата на модератор беше Г-дин Владимир Ѓорчев а како почесни говорници претседателот на Комисијата за надворешни работи на бугарскиот Парламент Г-дин Соломон Паси, г-дин Илијаз Халими, Заменик министер за одбрана на Република Македонија . Третата сесија на тема Научени лекции „ На прагот на НАТО, успешен последен чекор“ ја водеше модераторот Г-дин Јан Бжежински, поранешен заменик помошник секретар за одбрана на САД за НАТО и Европската политика, додека пак како говорници се преставија Г-дин Брукс

Џексон, Г-дин Станислав Видовиќ и Г-дин Јан Хамачек . Четвртата сесија „Улогата на парламентарните комисии за надворешни работи и одбрана во имплементацијата на целите и политиката на НАТО“ преставуваше своевиден заклучок и поента на целата Конференција. Модератот на оваа сесија беше потпретседателот на Собранието на Република Македонија и шеф на делегацијата на ПС на НАТО Г-дин Бесим Догани, а говорници беа Г-дин Антон Андерлиќ претседател на Комисијата за одбрана на Парламентот на Словенија, Г-дин Мурат Мерџан, претседател на Комисијата за надворешни работи на Парламентот на Турција и Г- динот Золт Немет претседател на Комисијата за надворешни работи на Унгарија. На Конференцијата се отворија плодни дискусии во однос на НАТО интеграцијата на земјите од Јадранската група, беше и отворена и јасно изразена поддршката на НАТО членките кон Македонија, а како препораки земјите членки го кажаа своето искуство, притоа укажувајќи на патот поминат и се она што Македонија, Албанија и Хрватска, како добронамерен совет треба да го употребат за поуспешен процес за влез во НАТО.

На Конференцијата беа искажани и уверувања дека по поканата за членство на трите земји во НАТО многу брзо во националните парламенти ќе се ратификуваат договорите за полноправно членство. Дека Македонија ги исполнила сите критериуми за членство во НАТО потврди и Боб Симонс, соработник на генералниот секретар на НАТО за безбедносна состојба и партнерство. Брус Џексон еден од модераторите и говорници на Конференцијата исто така смета дека Македонија е подготвена за добивање на покана за членство во Алијансата. Една од пораките пренесена на Конференцијата е дека со влегувањето на земјите од Јадранската група во НАТО, и другите земји од регионот ќе ја примат пораката дека Западниот Балкан има евроатлантска перспектива.

Конференцијата „НАТО – Букурешт и Потоа“ се случи во круцијален момент за Македонија, во моментот кога поддршката од другите земји членки беше најпотребна и на патот кога сите критериуми се исполнуваат, а реформите имплементираат. Гостите на Конференцијата беа и повеќе од задоволни од целата дебата и гостопримливоста укажана од Македонските организатори, каде јавно ја истакнаа подршката и довербата во Македонија за влез во НАТО.

Сите пратеници на Република Македонија, без разлика на политичката припадност, на Конференцијата споделија исти цели, имаат исти аспирации и покажаа дека може заеднички да работат со цел Македонија да стане стабилна земја со стабилна евроатлантска иднина.